Бр./Nr 09-2278/4
11-09-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-та седница, второ продолжение, одржана на ден 10.09.2020 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-2278/1 од 04.04.2019 година, бидејќи наводите од пријавата дека лицето -------------- е избран за -------- судија во незаконска постапка, без соодветно образование не се потврдени, по што Државната комисија го запира постапувањето.

Предметот со број 09-2278/1 од 04.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Врз основа на анонимна пријава оформен е предмет број 09-2278/1 од 04.04.2019 година за постоење судир на интереси и корупција во ----------- суд. Имено во пријавата е наведено дека Генералниот секретар на -------------- суд, ------------- си ги вработила внуците ------------- и -----------, судијата ---------------- го вработил синот ----------------, без да се наведе во која институција е вработено лицето, понатаму за судијата --------------, кој од шпедитер е назначен за Врховен суд, си ја вработил сопругата на неговиот син во Здружени на судии, при што не се дадени податоци за кое лице станува збор. Во пријавата е наведено дека на судијата -------------- му е поклонето возило од страна на увозник на Мерцедес, како награда за успешно завршени судски спорови, преку кои на овој увозник на возила му се доделени високи парични средства.

По отворање на овој предмет, Државната комисија има донесено одлука за испитување на наводите во пријавата кои се однесуваат на изборот за ----------- судија на лицето -------------. По останатиот дел од пријавата не е отворено постапка согласно донесената одлука на 18-та седница од 03.06.2019 од страна на Државната комисија, бидејќи наведените лица не ги извршуваат повеќе функциите додека по наводите за коруптивни дејствија од страна на судијата --------------, постапува Одделението за спречување на корупцијата.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради утврдување на наводите од пријава, Државната комисија ја побара целокупната постапка за избор на судија во ------- суд за лицето ------------- од Судски совет на Република Северна Македонија.

Од доставената документација се констатира дека лицето --------- е избран за судија во -------- суд од страна на Собранието на РМ согласно Законот за Републички совет со Одлука бр.07-2803/1 од 11 јули 2002 година, објавена во Службен Весник на РМ бр.52/2002. Од доставената документација произлегува дека наведеното лице е дипломиран правник со завршен правен факултетот од 18.11.1981 година, а додека истото лице поседува и Уверение за положен правосуден испит со бр. 09-5/22 од 20.02.1986 година со што не се потврдуваат наводите дека наведеното лице од шпедитер, без соодветно образование е избран за судија во ------------ суд.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК